# Упатство за изготвување обвинение

1. При изготвувањето на обвинение да се наведат сите податоци за обвинетиот согласно член 321 став 1 точка 1 од ЗКП.

2. Да се внимава изреката на обвинението да биде јасна и да ги содржи сите елементи на кривичното дело за кое обвинението се поднесува:

-време и место на случување на кривично правниот настан;
-дејствијата преземени од обвинетиот кои претставуваат дејствија на извршување на кривичното дело за кое се обвинува;
-последицата која произлегла како резултат на нивното преземање, која е конститутивен елемент на кривичното дело а кое се обвинува.
-За кривичните дела за кои сторителот треба да поседува определено својство (службено, одговорно лице) неопходно е да се наведи неговото својство.
-Доколку изсторувањето на кривичното дело е поврзано со бланкетна норма (како кај кривичните дела од областа на сообраќајот, кривичните дела против работните односи, злоупотребата на службената положба ислично), се наведува нормата која обвинетиот ја повредил (пример спротивно на член .....од ЗБСП, спротивно на член ... од Законот за работни односи) и на кој начин презел или пропуштил да преземи спротивно на неа.

3. Изреката на обвинението не треба да биде обременета со внесување на непотребни наводи и податоци. ( На пример, доколку е сторено кривично дело „Тешка телесна повреда„ затоа што помеѓу обвинетиот и оштетениот настанала некаква расправија, не се наведува што при тоа си рекле еден на друг (на пример (обвинетиот му рекол на оштетениот....а оштетениот му одговорил...., туку само се наведува „поради настанатата расправија„и потоа што обвинетиот презел).

4. Степенот на вина на обвинетиот (директна или евентуална умисла или свесна или несвесна небрежност) се наведува онака како што е дадена во

членовите 13 и 14 од КЗ ( пример свесен за своето дело и сакајќи го неговото извршување). Кај кривичните дела кај кои во законскиот опис стои ,,намера,, умислата не се изразува, бидејќи намерата упатува на постоење на директна умисла. Од друга страна, да се внимава намерата да не се поистоветува со умислата. Доколку во законскиот опис на кривичното дело не стои ,,со намера,, ( на пример кај кривичното дело ,,Убиство,, или ,,Злоупотреба на службената положба и овластување,,) значи дека намерата не е конститутивен елемент на тоа кривично дело и не треба да се внесува. (Пример Нема да стои обвинетиот ,,со намера да го лиши од живот,, туку ќе стои...,, свесен за своето дело и сакајќи го неговото извршување, го лишил од живот сега покојниот,,).

5. Доколку дејствијата на обвинетиот се пообемни, што резултира со пообемна изрека на обвинението (пример кај продолжено кривично дело или кајповеќекратно преземени дејствија), пожелно е да се користат и алинеи, заради јасност на обвинението

(Пример ,,Во периодот од..... до.... во Битола,обвинетиот со намера противправно да присвои, одзел туѓи подвижни предмети на начин што:

- На.... со употреба на погоден алат ја отворил влезната врата од домот на оштетениот..... на улица.... влегол внатре и одзел........ во вредност од.....;
- На ........ го скршил прозорецот од спалната соба од домот на оштетениот..... на улица..... влегол внатре и по извршеното пребарување одзел......во вкупна вредност од.....)

  Со што сторил продолжено кривично дело ,,Тешка кражба,, од член 236 став 1 т. 1 од КЗ, во врска со член 45 став 1 од КЗ.

6. При определувањето на правната квалификација да се внимава:

-Доколку извршувањето на кривичното дело е сторено во група, а тоа претставува квалификаторен елемент на кривичното дело (Пример ,,Насилство,, од член 386 став 4 од КЗ). Правната квалификација ќе биде ,, сториле кривично дело ,,Насилство,, од член 386 став 4 во врска со став 1 или 2од КЗ, а нема да се наведува членот 22 за соизвршителство.

- Доколку се обвинува за продолжено кривично дело, кривичните дела треба да бидат временски поврзани, односно помеѓу нивното извршување да не е изминат подолг временски период.

- Да се разграничува продолженото кривично дело и кога е сторено само едно кривично дело, но со повеќекратно делување (кога кај сторителот има таканаречена збирна умисла). Ова разграничување се врши врз основа на конкретните околности и начинот на кој се преземени дејствијата. Доколку од доказите произлегува дека обвинетиот имал умисла за преземање на сите дејствија уште на почетокот на нивното преземање, тогаш станува збор за едно сторено кривично дело (пример обвинетиот, како службено лице се договорил со лицето...... за извршените поправки во институцијата да му исплати двојно поголем износ од реалната пазарна вредност на извршените работи, по што на два пати одобрува за исплата двете доставени фактури за овие извршени поправки и на тој начин на изведувачот му прибавува поголема имотна корист во вкупен износ од ...... денари).

-Кај соучесништвото член 22 – 24 од КЗ:

Доколку се обвинетите соизвршители во правната квалификација ќе стои „, со што како соизвршители сториле кривично дело (се наведува законскиот назив на кривичното дело и членот), во врска со член 22 од КЗ.

Доколку едниот обвинет е извршител а другиот е поттикнувач за извршителот ќе стои „со што обвинетиот .... сторил кривично дело (законскиот назив на кривичното дело и членот од КЗ за извршителот), а за поттикнувачот исто така законскиот назив на кривичното дело и членот од КЗ, но ќе се додаде во врска со член 23 од КЗ. На ист начин и доколку едниот обвинет е сторител, а другиот се јавува како помагач (член 24 од КЗ).

- При наведувањето на правната квалификација се користи терминологијата „со што сторил кривично дело.....„. , затоа што согласно член 320 став 1 од ЗКП поднесувањето на обвинение значи дека јавниот обвинител има доволно докази од кои може да очекува донесување на осудителна пресуда. Затоа, во овој дел не се користи терминот основано сомневање, кој што е степен на сомневање потребен за донесување

наредба за спроведување на истражна постапка, а не и за поднесување на обвинение.

7. Во листата на докази врз кои се темели обвинението се наведуваат доказите кои јавниот обвинител ги предлага да се изведат на главната расправа како негови докази, односно врз кои се заснова обвинението (член 321 став 1 точка 4 од ЗКП).

8. Согласно член 321 став 2 од ЗКП, во прилог на обвинението ќе ги достави сите докази со кои располага (пример и исказ на обвинет и на сведоците) заради оцена на поднесеното обвинение. По одобрување на обвинението, судот му ги враќа записниците од испитување на јавниот обвинител.

Образец за обвинение

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КО бр.....
------------------град
----дата

ДО:

ОСНОВЕН СУД
-----(град)

Врз основа на член 39 став 2 алинеа 9 и член 319 став 1 (за скратена постапка член 469 став 1) од ЗКП, поднесувам

О Б В И Н И Т Е Л Е Н А К Т (или ПРЕДЛОГ)

Против: (личните податоци на обвинетиот согласно член 321 став 1 1 од ЗКП.

Затоа што: (описот на кривичното дело)

Со што сторил кривично дело (Правна квалификација на кривично дело)

Поради што

ПРЕДЛАГАМ ( се наведува пред кој суд како стварно и месно надлежен согласно член 24 и 26 од ЗКП и член 30 став 1 од Законот за судовите да се закажи и одржи главна расправа), на која како докази ќе се изведат:

Се наведуваат доказите врз кои се темели врз обвинението.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Листа на докази кои јавниот обвинител предлага да се изведат на главната расправа (член 321 став 2 од ЗКП

Листа на сите материјални докази, записници и снимки од испитување кои согласно член321 став 2 од ЗКП ги доставува до судот.